Уп. Бр. 08-119/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **Енерџи Сити Девелопмент Компани**, со седиште во Дхахран, Кралство Саудиска Арабија и **Хатчисон Порт Инвестментс Лимитед**, со седиште на Угланд Хаус, Поштенско сандаче 309, Џорџ Таун, Гранд Кајман, KYI-1104, Кајмански Острови, доставено преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје**,** на седницата одржана на ден **14.12.2021** година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **Енерџи Сити Девелопмент Компани**, со седиште во Дхахран, Кралство Саудиска Арабија и **Колор Патх Холдингс Лимитед**, со адреса на кореспонденција на Терминал 4, Контејнер Порт Роад Саутх, Кваи Чунг, Нови Територии, Хонг Конг, ќе формираат **целосно функционално заедничко вложување**, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност** со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.
Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) на ден **15.11.2021** година а дополнето на **26.11.2021** година е доставено известување за концентрација, , од **Енерџи Сити Девелопмент Компани**, со седиште во Дхахран, Кралство Саудиска Арабија и **Хатчисон Порт Инвестментс Лимитед**, со седиште на Угланд Хаус, Поштенско сандаче 309, Џорџ Таун, Гранд Кајман, KYI-1104, Кајмански Острови со која **Енерџи Сити Девелопмент Компани** и **Колор Патх Холдингс Лимитед** како претпријатие кое е индиректно зависно друштво на **Хатчисон Порт Инвестментс Лимитед** ќе формираат **целосно функционално заедничко вложување.**

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и

прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Енерџи Сити Девелопмент Компани** е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company). Сауди Арабијан Оил Компани е примарно ангажирано со проспекциски геолошки истражувања, истражувања, бушење и вадење јаглероводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

**Колор Патх Холдингс Лимитед** е индиректно зависно друштво на **Хатчисон Порт Инвестментс Лимитед** (Hutchison Port Investments Limited), и член на Hutchison Ports („Hutchison Ports“), водечки глобален играч активен со развој и управување на терминали за контејнери и давател на поврзани услуги за логистика. Hutchison Ports, индиректно зависно друштво на ЦК Хатчисон Холдингс Лимитед (CK Hutchison Holdings Limited**; „CKHH“**), е одделението за пристаништа и поврзани услуги на CKHH. CKHH е мултинационален конгломерат со седиште во Хонг Конг, кое котира на берзата на Hong Kong Limited. Има четири основни деловни потфати: пристаништа и поврзани услуги, продажба на мало, инфраструктура и телекомуникации **(„CK Hutchison Group“)**.

Предложеното заедничко вложување ќе биде основано во Кралството Саудиска Арабија. Ќе развива, врши маркетинг и управува со сувото пристаниште и поврзаната зона за логистика во SPARK и ќе презема други поврзани услуги за логистика во Саудиска Арабија.

Учесниците во концентрацијата немаат регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**